# ВИЗИЈА

Напишано од Stambol
Вторник, 21 Август 2012 11:05 - Последно освежено Вторник, 21 Август 2012 11:06

Библиотеката мора да го отсликува степенот на културната свесност на граѓаните. Токму затоа нашата визија за она што сакаме да го изградиме е Библиотека која ќе биде пријатно катче за секој граѓанин. Топол амбиент и пријателски лица се предусловите за успешно напредување и надградување на сите следни сегменти кои значат унапредување на работата на Библиотеката.

Сакаме да создадеме Библиотека која ќе биде инволвирана во 21-от и која ќе ги користи сеите расположливи ресурси на новот време.

Компјутерската технологија да стане главен двигател во пребарувањето на книжен материјал, а пак интернет поврзаноста како и целосната имплементираност во COBISS системот да биде придобивка повеќе на сите корисници.

Сакаме да ги вратиме изгубените читатели кои како да подзаборавија на библиотеката, факт кој веројатно се должи на застареноста и неатрактивноста на насловите кои се афирмирани во моменталниот книжен фонд на Библиотеката.

Сакаме да ги следиме светските трендови и да изградиме модерна Библиотека која ќе ги овозможува истите услови како и секоја друга слична европска или светска институција. Не можеме да градиме европско општество, ако на граѓаните прво не им овозможиме да ја почувствуваат и да ја живеат европската култура. Имаме знаење за тоа, имаме искуство за тоа и имаме тим за тоа.

Следен чекор е да ја оствариме нашата визија...